Програма за изведување на стручно-истражувачка екскурзија за учениците од I (прва) година при ССОУ„Димитрија Чуповски“ – Велес во учебната 2025 / 2026 година

Посета на Битола – корелација меѓу светското наследство и туризмот

Воспитно-образовни цели:

- да се истакне значењето на својата култура, историјата на својата земја и нејзината природна околина,
- учениците да ги препознаваат предностите и можните закани што ги носи туризмот за заштитата на светското наследство,
- учениците подобро да ги разберат корелациите меѓу трендовите во туризмот и зачувувањето на светското наследство.
- посета на туристичка агенција или туристичко биро за информации.

Задачи:

- запознавање со квалитетот на туристичката понуда на културните и природните локалитети;
- запознавање со општите упатства за однесување на туристите;
- запознавање со процесот на туристичко менаџирање на локалитетите на светското наследство
- запознавање со работата на туристичкиот работник, потребното образование и потребните лиценци за работа

Содржини и активности:

- посета на античкиот град Хераклеја;
- посета на Националниот парк Пелистер;
- разгледување на туристичката понуда на културните и природните локалитети во Битола
- добивање на сознанија за туристичкото менаџирање на локалитетите преку разговор со туристичкиот водич и одговорните лица на посетените места

Времетраење: 1 ден (месец мај, 2026 година)

Раководител на екскурзијата е Драгана Јованова- наставник по фармацевтски стручни предмети во ССОУ„Димитрија Чуповски“ Велес

Екскурзијата е наменета за учениците од I година.

Техничка организација - екскурзијата е организирана од агенција со лиценца А која ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Финансирањето на екскурзијата е индивидуално од страна на секој ученик.

Тим за изработка на програмата

Драгана Јованова

Валентина Јовева

Билјана Штипјанова

Цветанка Иванова

Надица Теова

Горан Јанков

Весна Славеска

Дијана Даскалова

Христо Љапов